ОДУ.бр.24/24

Република Северна Македонија
**НОТАР**
**НАДА ПАЛИЌ**
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје
ул.”Пролет” број 35А Скопје
16.01.2024

# ЗАПИСНИК

**од Вонредна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
за подрачјето на основните судови на градот Скопје
ул."Пролет" број 35 А Скопје
2024.01.16
11:00(единаесет)часот

ОДУ.бр.24/24

ИЗВОД

# НОТАРСКИ АКТ

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаи дваесетичетврта година, месец јануари, ден шеснаесети на писмено Барање за присуство на Вонредната седница на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, во својство на записничар, заведено под арх.бр.0306/6308-1/2023 од 25.12.2023 година, кое е прилог на овој записник, присуствувам на Вонредна седница на Собрание на акционери, закажана за ден 16.01.2024 (ден шеснаесети, месец јануари, двеилјадитаи дваесетичетврта) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, во седиштето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на ул."Максим Горки" број 6 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди одлуки на Вонредната седница на Собрание на акционери, го сочинив следниот------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------- **З А П И С Н И К**--------------------------------------------------
----------------------**од Вонредна седница на Собрание на акционери на**----------------------
--------------------------- **УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје** ---------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на Вонредната седница на Собрание на акционери утврдив дека УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје, ЕМБС 4646088, со седиште на ул. "Максим Горки" број 6 Скопје е запишана во единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија, видно од увид во Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија - Трговски регистар и регистар на други правни лица /електронски издаден документ/ под број 0805-50/ 150020240013985 од 16.1.2023 година, која е прилог на овој записник.--------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на Потврда издадена од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје под број 08-199/2 од 15.01.2024 година, која е прилог на овој записник издадена е Акционерска книга на Банката на ден 15.01.2024 година во 11:45:40 часот од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води со ISIN MKBLBA101011 и утврдив дека Издавачот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 МКД (илјададенари), со вкупен број на ХВ: 545987 (петстотиничетириесетипетилјадиидеветстотиниосумдесетиседум), со вкупен номинален капитал од 545.987.000,00 МКД (петстотиничетириесетипетмилионидеветстотиниосумдесет иседумилјадиденари), број на гласови 545987 (петстотиничетириесетипетилјадиидеветсто тиниосумдесетиседум), состојба-активен, број на иматели 346 (тристотиничетриесетишест), со број на сопственички позиции 351 (тристотинипедесетиеден), која е прилог на овој записник.------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во акционерската книга, утврдив дека акционери на банката се правни лица и физички лица.------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

Вонредната седница на Собрание на акционери е свикана, врз основа на Одлука донесена од страна на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на ден 15.12.2023 година, која е прилог на овој записник, со јавен ПОВИК за учество на вонредна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, а кој е објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 16-17.12.2023 година, а во кој е објавен Дневниот ред на Вонредната седница на Собрание на акционери, кој е прилог на овој записник и врз основа на Одлука за дополнување на Одлуката за свикување на Вонредна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје донесена од страна на Надзориот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на ден 05.01.2024 година, која е прилог на овој записник, која одлука е донесена врз основа на Барање за вклучување точка во дневниот ред на Вонредната седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје закажана за 16.01.2024 година од акционерот Цеко Минев од Софија, заведено под број 0202/2-150 од 25.12.2023 година, кое е прилог на овој записник, со Дополнување на ПОВИК за учество на вонредна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, а кој е објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 06-08.01.2024 година, а во кој е објавен ревидираниот дневниот ред на Вонредната седница на Собрание на акционери, кој е прилог на овој записник .---------------------------------------------------------------------

---

Исто така утврдив дека присутни акционери на денешната Вонредна седница на Собрание на акционери се:---------------------------------------------------------------------

---

**1.За Цеко Тодоров Минев** од Софија-Р.Бугарија - **полномошник Марина Николова-Динески**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број [redacted] издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ [redacted], со заверено полномошно од Нотар Димо Жељазков од Софија, под Рег.бр.184 од 10.01.2024 година, кое е прилог на овој записник.---------------------------------

---

**2.За Ивајло Димитров Мутафчиев** од Софија-Р.Бугарија- **полномошник Марина Николова - Динески**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број [redacted] издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ [redacted] со заверено полномошно кај Нотар Димо Жељазков од Софија, под Рег.бр.9528 од 20.12.2023 година, кое е прилог на овој записник.----------------

---

**3.Владимир Кандикјан**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број [redacted] издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ [redacted].---------------------------------------------------------------------

---

**4.Гоце Маркоски**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број [redacted] издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ [redacted].---------------------------------------------------------------------

---

**5.За Сава Пензиско друштво АД Скопје,** ЕМБС 5989434 кое управува со акционерите--------
**5.1.Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд** и--------------------------------
**5.2.Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус,**--------------------------------------
видно од увид во Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија - Трговски регистар и регистар на други правни лица /електронски издаден документ/ под број 0805-50/150020240003018 од 4.1.2024 година, која е прилог на овој записник - **полномошник Александар Миневски,** чиј идентитет го утврдив од лична карта број [redacted] издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ [redacted], со пријава за учество заведена под арх.бр.03-166/2 од 10.01.2024 година/електронски издадена исправа/, која е прилог на овој записник и полномошно за учество заведено под арх.бр.03-166/1 од 10.01.2024 година /електронски издадена исправа/, кое е прилог на овој записник.-------------

---

**6.Петар Вуксановиќ**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број [redacted] издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ [redacted].---------------------------------------------------------------------

---

кои акционери поседуваат вкупно **427.830 акции со право на глас** што претставуваат **78,36%** од вкупниот број 545.987 акции со право на глас, согласно акционерската книга на ---

---

---

Банката која е издадена на денот на одржувањето на оваа Вонредна седница на Собрание на акционери, што значи дека се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно квалификувано мнозинство, така што оваа Вонредна седница на Собрание на акционери има кворум и може да одлучува по сите точки од предложениот дневен ред, по што го потпишаа Списокот за седница на собрание на акционери на ден 16.01.2024, кој е прилог на овој записник со што го верификуваа своето присуство (верификувани учесници на Собранието), а кој Список за седница на собрание на акционери на ден 16.01.2024, со свој потпис ќе го заверат Претседавачот на оваа Вонредна седница на Собрание на акционери и Нотарот како записничар.----------------------------------------------------------------------------------------------------

---

Вонредната седница на Собрание на акционери започна во 11:05 часот (единаесетчасоти петминути) и ја отвори Претседавачот на претходната Редовна годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, која најпрвин ги поздрави акционерите и присутните на оваа седница и тоа Г-дин Робертино Николоски-Главен директор за контрола на усогласеност со прописи, Г-дин Ѕвонко Станковски-Директор на дирекција Трежри и Ирена Ристеска-Корпоративен секретар, се заблагодари на нивното присуство и констатира дека јавниот Повик на Вонредната седница на Собрание на акционери на Банката е уредно објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 16-17.12.2023 година и уредно и благовремено Дополнувањето на Повикот за учество на вонредна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје е објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 06-08.01.2024 година, а во кој е објавен ревидираниот дневен ред на Вонредната седница на Собрание на акционери, како и на веб страната на Банката, согласно член 388-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр.42 од 26.03.2010 год.), со што материјалите уредно беа достапни на акционерите и ставени на располагање.--------------------------------------------------

---

Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, истакна дека нема акционери кои го оствариле правото на глас преку писмена коресподенција.-----------------------------------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, го предложи на усвојување следниот-----------------------------------------------------------------------------------

---

**-------------------------------------------------Д Н Е В Е Н  Р Е Д------------------------------------------------**

**I.Процедурален дел**--------------------------------------------------------------------------------------------

---

**1.Отварање на Собранието;** -------------------------------------------------------------------------------
**2.Избор на работни тела на Собранието**:-----------------------------------------------------------------
**-избор на Претседавач на Собранието;** -----------------------------------------------------------------
**-избор на бројач на гласови;**------------------------------------------------------------------------------
**-избор на записничар.**-------------------------------------------------------------------------------------

---

**II.Работен дел**-------------------------------------------------------------------------------------------------

---

**1.Предлог Одлука за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници).**------------------------------------------------

---

**2.Предлог Одлука за изменување на Одлуката донесена на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје заведена со СО бр.02/31-8-1 од 28.04.2017 година.**-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија праша дали некој се јавува за дискусија и како никој не се јави, вака предложениот Дневен ред, го стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложениот Дневен ред едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 427.830 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

**Се премина на Процедуралниот дел од Дневниот ред.**-----------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

**1.Отварање на Собранието.**-----------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед дека оваа точка од дневниот ред е исцрпена Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија премина на втората точка од процедуралниот Дневен ред **Избор на работни тела на собранието** и тоа:------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

**- избор на Претседавач на Собранието.**----------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија истакна дека со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание, па лично се предложи за Претседавач на оваа Вонредна седница на Собрание на акционери како полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија.-----------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 427.830 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Се констатира дека за **Претседавач на оваа Вонредна седница на Собрание на акционери** е избрана едногласно **Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија**.----------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на оваа Вонредна седница на Собрание на акционери се заблагодари за довербата и премина на **Избор на бројач на гласови.** За бројач на гласови го предложи Ѕвонко Станковски-Директор на Дирекција трезри на УНИ Банка АД Скопје. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 427.830 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредната седница на Собрание на акционери констатира дека за Бројач на гласови е избран Ѕвонко Станковски-Директор на Дирекција трезри на УНИ Банка АД Скопје, по што истиот поднесе Извештај од бројач на гласови на собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје од 16.01.2024 година, кој е прилог на овој записник и констатира дека на оваа Вонредна седница на Собрание на акционери присутни се: лично акционери и полномошници на акционери со уредни овластувања за застапување, иматели на обични акции со право на глас кои поседуваат вкупно **427.830 со право на глас** што претставуваат **78,36 %** од вкупниот број 545.987 акции со право на глас, согласно акционерската книга на Банката која е издадена 48 часа пред одржувањето на оваа Вонредна седница на Собрание на акционери, со забелешка дека 3(три) се обични акции, --

-----------------------------------------------------------------------------------------------

без право на глас од акционерот Кен АД Куманово во стечај, така што согласно член 393 став (1) од Законот за трговски друштва и одредбите од Законот за банки, Вонредната седница на Собрание на акционери има потребен кворум за работа и одлучување.------------

Претседавачот на Вонредната седница на Собрание на акционери премина на **Избор на записничар**, па истакна дека согласно член 383 став 3 од Законот за трговски друштва, ако Собранието одлучува за измена на податок што се запишува во трговскиот регистар, записникот го води Нотар, така што за записничар на денешната Вонредната седница на Собрание на акционери е определена Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој ќе го води и изготви Записникот од оваа Вонредна седница на Собрание на акционери. Како никој не стави забелешки Претседавачот Вонредната седница на Собрание на акционери констатира дека за записничар е избрана Нотар Нада Палиќ од Скопје.------------------------------------------------

Откако Претседавачот на Вонредната седница на Собрание на акционери констатира дека процедуралниот дел од Дневниот ред е исцрпен се премина на **Работниот дел од Дневниот ред**:-----------------------------------------------------------------------------

точка **1.Предлог Одлука за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници).**-----------------------------------------------

Претседавачот на Вонредната седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници) е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. За збор се јави Александар Миневски - полномошник на акционерот Сава Пензиско друштво АД Скопје, кое управува со акционерите Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус, кој ја поздрави ваквата Одлука. За збор се јави и акционерот Владимир Кандикјан и постави две прашања и тоа како ќе се одрази ваквата Одлука на адекватностана капиталот на Банката и во однос на сумите дадени во образложението на самата одлука каде е наведено дека 5.000 илј.евра се за откуп на Првата емисија на Перпетуални обврзници, а добивката на Банката заклучно со 30.09.2023 година изнесува 4.905 илј.евра, па праша како овие износи ќе се одразат на воспоставената политика од минатата година да се исплаќа дивидендата во износ од 45% од добивката од секоја акција, а во суштина ја поздрави вака предложената одлука. На овие прашање одговор даде Робертино Николоски-Одговорен директор за контрола на усогласеност со прописи, кој истакна дека со цел нивото на капитал и сопствени средства да остане непороменето, Банката во ноември 2023 година, издаде нова трета емисија на Перпетуална обврзница во износ од 1.350.000 евра која заедно со дел од тековната добивка на Банката, во износ од 3.500.000 евра ќе се вклучи во пресметката на редовниот основен капитал на Банката во текот на Јануари 2024 година.За потврда на остварената добивка обезбедено е писмо од надворешниот ревизор РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје, во кое е наведено дека финансиски извештаи се изготвуваат во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија и во досегашниот процес на ревизија на работењето на Банката во 2023 година не се најдени сознанија поради кои конечниот ревизорски извештај би содржел квалификувано мислење. Банката одржува адекватна стапка на капиталот и сопствените средства и бележи тренд на стабилен и одржлив раст во своето работење. Во однос на исплата на дивидендата, Робертино Николоски појасни дека Банката своето работење го услогласува со Одлуката за добро корпоративно управување во банка и Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерски друштва, а распределбата на добивката на Банката ќе биде предмет на разгледување на редовното годишно собрание на акционери на банката. Како никој друг не се јави за збор, Предлог Одлуката за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници), која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. ------------

---

По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 427.830 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Вонредната седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници)**, која е прилог на овој записник.----

---

Се премина на точка **2.Предлог Одлука за изменување на Одлуката донесена на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје заведена со СО бр.02/31-8-1 од 28.04.2017 година)**.----------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Вонредната седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за изменување на Одлуката донесена на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје заведена со СО бр.02/31-8-1 од 28.04.2017 година е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог Одлуката за изменување на Одлуката донесена на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје заведена со СО бр.02/31-8-1 од 28.04.2017 година), која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука е усвоена. ЗА гласаа 228.836 обични-акции со право на глас, ВОЗДРЖАНИ гласаа 198.994 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, што претставува 53,49% од вкупниот број 427.830 обични-акции со право на глас присутни на оваа Вонредна седница на Собрание на акционери.----------------------------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Вонредната седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за изменување на Одлуката донесена на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје заведена со СО бр.02/31-8-1 од 28.04.2017 година,** а која е прилог на овој записник.------------------------------------------------

---

Претседавачот на Вонредната седница на Собрание на акционери констатира дека дневниот ред е исцрпен во целост и ја затвори Вонредната седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.---------------------------------------------

---

Вонредната седница на Собрание на акционери заврши во 11:15 часот (единаесетчасоти петнаесетминути).-----------------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник лично го составив на седум страници, од седум листа, го следев целокупниот тек на Вонредната седница на Собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на Собранието на акционери, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.-----------------------------------------------------------------------

---

**<u>Претседавач</u> на Вонредна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје** -------------------------------------------------------------------------

____________________________________________с.р.------------------------------------------------

**Марина Николова-Динески-полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија**.---------------------------------------------------------------------------------------------------

---

При составување на овој записник издадени се изводи и тоа еден за учесникот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со сите прилози кон овој записник и еден без прилози кон овој записник, еден за Народна Банка на Република Северна Македонија, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.-----------------------------------------------------------------------------------

---

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарска награда согласно член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,оо* денари и надоместок на трошоци, согласно член 52 од Нотарската тарифа во износ од *720,оо* денари.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ.бр.24/24**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во Скопје 2024.01.16-Двеилјадитаидваесетичетврта, месец јануари, ден шеснаесети.----------

**НОТАР**
**Нада Палиќ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, НАДА ПАЛИЌ

ул. [illegible] бр. 47-А Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е цел извод - потполн - во изваток, кон кого не се приложени - се приложени ____ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: С. - 24/24

Во Скопје, 16.01. 2024 година НОТАР

____ (потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ